# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 12 Год. LXVI Четврток, 28 јануари 2010 Цена на овој број е 150 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


Стр.

212. **Одлука** за прогласување на споменичката целина „Архео-астрономски локалитет“ – Кокино за културно наследство од особено значење........... 2

213. **Одлука** за номинирање на споменичката целина „Архео-астрономски локалитет-Кокино“ – за добивање на меѓународно признат статус................. 8

214. **Програма** за подобрување на комуникациската инфраструктура и транспарентно информирање на јавноста на Министерството за економија во процесот на пристапување во ЕУ за 2010 година........................................... 9

215. **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. 11

216. **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности..................................... 11

217. **Одлука** за определување продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје во првиот квартал од 2010 година................................................... 11

218. **Одлука** за одобрување на регулирана максимална цена за производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија за регулиран период на комуналното Јавно претпријатие ВОДОВОД Кочани – Работна единица Геотерма........................................... 11

219. **Правилник** за утврдување на методот за пресметување на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија..................................................... 12

**Огласен дел**........................................... 1-52

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**212.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04 и 115/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.01.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА „АРХЕО-АСТРОНОМСКИ ЛОКАЛИТЕТ“ – КОКИНО ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ

Член 1

Архео-астрономскиот локалитет – Кокино, кој претставува споменичка целина се прогласува за културно наследство од особено значење - поткатегорија-исклучително значење.

Со прогласувањето на споменичката целина „Архео-астрономски локалитет-Кокино", за културно наследство од особено значење се овозможува:

- трајно зачувување на автентичноста, единственоста, реткоста, разновидноста, влијателноста и други својства, содржини и функции;
- создавање на поволни услови за опстанок и задржување на интегритетот на сите податоци што ги носи во себе како сведоштво;
- ширење на сознанија за неговите вредности, значење и улога во културната идентификација;
- оспособување да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните, како и
- спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување или деградирање.

Споменичката целина Архео-астрономскиот локалитет – Кокино настаната во периодот на раното, средното и доцното бронзено време, односно од XX до XVII; XVII до XIV век п.н.е. и од XIV до XV век п.н.е., како и полното железно време, односно од VIII до VII век п.н.е., како културно наследство од особено значење е добро од општ интерес за Република Македонија и ужива посебна заштита, во согласност со оваа одлука, Законот за заштита на културното наследство и друг закон.

Член 2

Споменичката целина „Архео-астрономскиот локалитет – Кокино“ (во натамошниот текст: споменичка целина) се наоѓа на подрачјето на општината Старо Нагоричане и го зафаќа просторот со координати: север 42°15'47" и исток 21°57'32", со вкупна површина од 18.174 м$^2$.

Член 3

Споменичката целина се наоѓа на највисокиот дел од ридот „Татиќев камен“.

Границите на Споменичката целина зафаќаат мал дел од јужната половина на КП 487, речиси целата површина на КП 489, една половина на КП 490 и минимален дел од КП 491. Границите на Споменичката целина се утврдени со следните географски точки одредени според државниот координативен систем:

1. Y-579200.24,X – 680304.63;Z – 971.55;
2. Y-579165.46,X – 680312.2;Z – 974.93;
3. Y-579122.77,X – 680304.53;Z – 977.83;
4. Y-589107.81,X – 680318.67;Z – 984.39;
5. Y-579084.9,X – 680313.13;Z – 984.19;
6. Y-579019.19,X – 680309.15;Z – 986.69;
7. Y-579190.78,X – 680317.76;Z – 973.26;
8. Y-579178.75,X – 680334.32;Z – 976.01;
9. Y-579182.19,X – 680352.98;Z – 978.58;
10. Y-579186.7,X – 680374.77;Z – 980.39;
11. Y-579152.41,X – 680394.98;Z – 990.35;
12. Y-579128.85,X – 680408.64;Z – 990.79;
13. Y-579116.69,X – 680413.51;Z – 989.36;
14. Y-579093.15,X – 680411.23;Z – 978.6;
15. Y-579075.15,X – 680402.49;Z – 988.46;
16. Y-579049.78,X – 680393.99;Z – 986.43;
17. Y-579026.89,X – 680376.56;Z – 985.76;
18. Y-579003.29,X – 680360.41;Z – 984.16;
19. Y-578982.57,X – 680347.96;Z – 983.08;
20. Y-578965.83,X – 680330.88;Z – 980.67;
21. Y-578965.03,X – 680319.1;Z – 982.91;
22. Y-578973.6,X – 680303.41;Z – 973.02;

23. Y-578983.13,X – 680300.54;Z – 984.89;
24. Y-578995.73,X – 680300.67;Z – 983.98;

Член 4

Споменичката целина има има две контактни зони.

Првата контактна зона се протега јужно од споменичката целина и го опфаќа поголемиот дел од КП 491, односно, следните географски точки одредени според државниот координативен систем:

1. Y-579240.63;X – 680285.34;
2. Y-579226.19;X – 680235.09;
3. Y-579081.03;X – 680253.36;
5. Y-579019.13;X – 680274.23;
6. Y-579160.28;X – 680312.34;
7. Y-579185.01;X – 680311.7;
8. Y-579183.81;X – 680364.02;
9. Y-579182.09;X – 680403.01;
10. Y-579204.76;X – 680364.61;
11. Y-579237.43;X – 680351.43;
12. Y-579012;X – 680259.82;

Во втората контактна зона влегува поголемиот дел од КП 487, многу мал дел од КП 489 и речиси една половина од КП 490, односно, следните географски точки одредени според државниот координативен систем:

КП 487

9. Y-579182.09;X – 680403.01;
14. Y-578930.73;X – 680498.04;
15. Y-578986.99;X – 680547.75;
16. Y-578929.76;X – 680449.57;
17. Y-578916.56;X – 680428.49;
18. Y-578903.74;X – 680394.63;
19. Y-578897.88;X – 680367.19;
20. Y-578912.2;X – 680310.26;
21. Y-578964.67;X – 680338.89;
46. Y-579039.88;X – 680368.71;
47. Y-579154.58;X – 680429.59;
48. Y-579119.06;X – 680466.16;
49. Y-579095.65;X – 680485.93;

50. Y-579055.06;X – 680510.6;
51. Y-579033.34;X – 680544.16;
52. Y-579135.07;X – 680392.73;

КП 489
21.Y-578964.67;X – 680338.89;
23.Y-578941.56;X –680325.42;
24.Y-578922.28;X – 680316.58;
25.Y-578988.63;X – 680290.93;
26.Y-579015.26;X – 680303.18;
27.Y-579051.49;X – 680315.04;
28.Y-579077.36;X – 680307.31;
29.Y-579106.16;X – 680320.81;
30.Y-579126.77;X – 680334.41;
31.Y-579126.59;X – 680344.48;
32.Y-579141.85;X – 680339.66;
33.Y-579161.27;X – 680348.52;
34.Y-579174.2; X – 680336.99;
35.Y-579182.33;X – 680354.39;
36.Y-579168.83;X – 680361.58;
37.Y-579175.61;X – 680380.64;
38.Y-579129.85;X – 680383.05;
39.Y-579098.71;X – 680360.42;
40.Y-579089.17;X – 680366.07;
41.Y-579068.03;X – 680354.72;
42.Y-579057.91;X – 680363.35;
43.Y-579010.42;X – 680328.54;
44.Y-578995.38;X – 680336.17;
45.Y-578982.29;X – 680321.82;

КП 490
4. Y-578992.87;X-680272.15;
5. Y-579019.13;X-680274.23;
6. Y-579160.28;X-680312.34;
7. Y-579185.01;X-680311.7;
8.Y-579183.81;X-680364.02;
9.Y-579182.09;X-680403.01;

13.Y-578965.07;X-680275.13;
20.Y-578912.2;X-680310.26;
21. Y-578964.67;X-680338.89;
22. Y-578927.34;X-680263.90;
46. Y-579039.88;X-680368.71;
52. Y-579135.07;X-680392.73;

Член 5

Во Архео-астрономски локалитет"-Кокино се утврдува режим на заштита од прв степен со следниве мерки на заштита:

- зачувување на изворната состојба на споменичката целина;
- зачувување на постојната конфигурација на теренот, на пристапните патеки и други карактеристични содржини;
- превземање на превентивни мерки на заштита, санација и обезбедување на доброто;
- редовно одржување и преземање на мерки против деструктивно дејство на вегетацијата;
- редовно преземање на превентивни интервенции на заштита;
- изработка на планови и програми за непосредна заштита;
- изработка на план за уредување на просторот во функција на посетителот (пристапни патеки, оградени површини и сл.);
- изготвување на план за безбедносна заштита;
- враќање во поранешна состојба доколку настане штета на споменичката целина;
- забрана за сите видови истражувања кои се вршат по пат на деструктивни методи;
- забрана за сите видови нелегални истражувања кои се вршат по пат на деструктивни методи;
- забрана за сите видови нелегални истражувања и присвојувања на движни археолошки наоди;
- забрана за оштетување и уништување на доброто;
- забрана за создавање на депонии за кој било смет;
- забрана за поставување на инсталации или какви било натписи, освен официјалните ознаки предвидени со прописите за заштита на културното наследство;
- забрана за изградба на било какви објекти и изведување на други земјани работи;

- забрана за поставување на рекламини паноа, атенски и други инсталации и какви било натписи со исклучок на меѓународните знаци и официјалните ознаки предвидени со прописите за заштита на културното наследство.

Член 6

Во контактните зони се утврдува комбиниран режим на заштита од втор и трет степен, со следниве мерки на заштита:

- зачувување на постојната состојба на контакните зони;
- зачувување на постојната конфигурација на теренот, пристапните патеки и други карактеристични содржини;
- археолошко доистражување и документирање на досега неистражените површини;
- археолошко истражување и документирање на површините кои до сега не биле предмет на доистражување;
- изработка на планови и програми за непосредна заштита;
- превземање на конзерваторски интервенции;
- изготвување на планови и програми за презентација на објектите со пронајдениот инвентар in situ;
- преземање на превентивни и корективни мерки против деструктивни ефекти од загадување, бучава, удари и вибрации;
- изготвување на соодветен урбанистички план или друг вид на документ за уредување на просторот и контактните зони;
- забрана за сите видови нелегални истражувања и присвојување на движен метријал;
- забрана за вршење на стопанска дејност;
- забрана за сите видови ископини, нивелирања на теренот за земјоделски или други зафати;
- забрана за обработка на земјиштето подлабоко од 0,30 м;
- забрана за пошумување и одгледување на повеќегодишни садници;
- забрана за депонирање смет или создавање на депонии за било кој вид на отпад;
- забрана за изградба на објекти со кои се нарушува интегритетот на доброто,односно преку усогласување на праметрите на објектите се дава можност за изградба на паркинзи, санитарни јазли и реконструкција на пристапни патишта, како и на други содржини во функција на посетителот;

- забрана за изградба на индустриски и други капацитети што придонесуваат за присуство на разни форми на загадување;
- забрана за поставување на рекламни паноа, антенски и други инсталации и какви било натписи со исклучок на меѓународните знаци и официјалните ознаки предвидени со прописите за заштита на културното наследство;
- забрана за експолоатација на минерални суровини и вршење на детални геолошки истражувања.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-615/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

---

**213.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04 и 115/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.01.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА НОМИНИРАЊЕ НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА „АРХЕО-АСТРОНОМСКИ ЛОКАЛИТЕТ-КОКИНО“ – ЗА ДОБИВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАТ СТАТУС**

Член 1

Споменичката целина „Архео-астрономски локалитет – Кокино“, заштитена како културно наследство од особено значење со Одлука на Владата на Република Македонија за прогласување на споменичката целина „Архео-астрономски локалитет-Кокино“ за културно наследство од особено значење бр. 51-615/1 од 26.01.2010 година се номинира на Списокот на светско наследство, согласно со Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство („Службен весник на СФРЈ“ бр. 56/74).

Член 2

Се задолжува Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство да изврши номинација на споменичката целина „Архео-астрономски локалитет – Кокино“ на списокот на светско наследство.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-619/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

**214.**

Врз основа на член 36, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 18/08 и 82/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12.01.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ТРАНСПАРЕНТНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ ЗА 2010 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за подобрување на комуникациската инфраструктура и транспарентно информирање на јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ во 2010 година, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2010 година, раздел 10001 - Министерство за економија, буџетска потпрограма 10 - Администрација, расходна ставка 425 - Договорни услуги (во натамошниот текст: Буџет).

II

Средствата од Буџетот во вкупен износ од 1.500.000 (еден милион и петстоини илјади денари), наменети за подобрување на комуникациската инфраструктура и транспарентно информирање на јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ во 2010 година, ќе се користат за следниве намени:

1. Подготовка на материјали за одделни сегменти активностите на министерството и органите во состав, со посебен акцент на европските економски новитети.
   - Изработка на Календар на економски настани, во вид на електронски покани, Веб решенија или/и печатени флаери за известување на јавноста.
   - Изработка на билтен за активностите во министерството за потребите. сите целни групи, со преглед на економски мерки и инструменти за специфичните целни групи .

   300.000 денари

2. Поддршка базирана на редовен дијалог со бизнис заедницата за спроведување на реформите кои водат кон одржлив раст и развој на националната економија.
   - Континуирани средби и анкети со деловната заедница за новитетите во усогласување на регулативата со европското законодавство;
   - Спроведувања на повремени истражувања по прашања поврзани со реформските процеси, како и испитување на јавното мислење за работата на министерството и транспарентноста во информирањето на јавноста;

- Одржување на работилници и јавни дебати на определени теми поврзани со реформските процеси за подобрување на деловното опкружување;
- Одржување на редовни презентации за мерките и активностите во економската сфера при посетите на деловните субјекти во општините, како и стопанските и кластерските здруженија во Македонија;
- Подготовка на дневен прес клипинг со анализа и препораки.

900.000 денари

3. Обезбедување на поддршка за економските процеси и политики преку континуиран дијалог со пошироката јавност преку средствата за масовна комуникација.
   - Креирање на Веб страна/портали со нова структура која ќе овозможи непречена електронска интеракција со стопанствениците и нивните здруженија и граѓаните, за нивно активно вклучување во процесот на креирање на економската политика, стратешките документи, активности, проекти и законска регулатива, со аудио/видео материјал за пошироката јавност, електронски анкети и отворени форуми.

300.000 денари

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа Програма ќе се грижи Министерството за економија, во рамки на предвидените средства.

IV

Министерството за економија за реализираните буџетски средства ќе достави извештај и финансиски показатели за реализацијата на активностите од оваа програма, како и за постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности до Владата на Република Македонија, заклучно со 31.01.2011 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-263/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**215.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Дукатино - Општина Василево.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 7-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Дукатино, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-1223/1
27 јануари 2010 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

**216.**

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на СРМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за дел од катастарската општина Дукатино - Општина Василево.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Дукатино, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-1224/1
27 јануари 2010 година
Скопје

Директор,
**Љупчо Георгиевски**, с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**217.**

Врз основа на член 19, алинеа 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 11 и член 15, став 3 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ” бр. 94/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2010 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ЗА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА СИСТЕМОТ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ТЕХНОЛОШКО-ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА-СКОПЈЕ ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2010 ГОДИНА

Член 1

1. Продажната цена на природниот гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје во првиот квартал од 2010 година изнесува 21,2115 ден/$nm^3$, без данок на додадена вредност.

2. Продажната цена од точката 1 на овој член ги содржи следните елементи:

2.1. Набавната цена на природен гас во првиот квартал од 2010 година изнесува 15,5522 ден/$nm^3$, врз основа Одлуката за определување продажна цена на природен гас во првиот квартал од 2010 година („Службен весник на РМ” бр. 07/10);

2.2. Цената за пренос и управување со системот за пренос на природен гас, изнесува 2,2170 ден/$nm^3$, согласно членот 23 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 94/05 и 164/08);

2.3. Цената за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, за Дирекцијата за технолошко-индустриска развојна зона-Скопје изнесува 3,4423 ден/$nm^3$.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа Одлука во Службен весника на Република Македонија. Жалбата поднесена против оваа одлука, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. бр.63/06, 36/07 и 106/08), не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02-186/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

---

**218.**

Врз основа на член 19, алинеја 7, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08) и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени на геотермална енергија („Службен весник на РМ“ бр. 158/09), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 27 јануари 2010 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАНА МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД НА КОМУНАЛНОТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД КОЧАНИ – РАБОТНА ЕДИНИЦА ГЕОТЕРМА

1. На Комуналното Јавно претпријатие ВОДОВОД Кочани – Работна единица ГЕОТЕРМА, се одобрува регулирана максимална цена за вршење на регулираните дејности производство, дистрибуција и снабдување со геотермална енергија за:

- 2010 година да изнесува 24,69 ден/$m^3$, за испорачана количина на геотермална енергија на корисниците од 1.100.000 $m^3$,
- 2011 година да изнесува 24,89 ден/$m^3$, и
- 2012 година да изнесува 25,08 ден/$m^3$.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 февруари 2010 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволната страна, согласно член 33 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр 63/06, 36/07 и 106/08), може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

Бр. 02–195/1
27 јануари 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РМ

**219.**

Врз основа на член 14 точка а) и член 83 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации, на состанокот одржан на ден 29.12.2009 година донесе

### П Р А В И Л Н И К ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕТОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОДЕЛЕНИ БРОЕВИ И СЕРИИ НА БРОЕВИ ОД ПЛАНОТ ЗА НУМЕРАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдува методот за пресметување на висината на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија.

Член 2

Висината на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви се изразува во бодови. Бројот на бодовите се утврдува врз основа на следните критериуми: видот и намената на серијата на броеви и должината на доделените броеви. Вредноста на бодот изнесува 1 евро во денарска противвредност, пресметана по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

Член 3

Бројот на бодовите според намената на серијата на броеви се утврдува за следните видови броеви:

а) претплатнички броеви во географски нумерациски подрачја
- серија од 1.000 броеви 105 бода,
- серија од 10.000 броеви 1.050 бода,
- серија од 100.000 броеви 10.500 бода;

б) претплатнички броеви во негеографски нумерациски подрачја за јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги
- серија од 1.000 броеви 105 бода,
- серија од 10.000 броеви 1.050 бода,
- серија од 100.000 броеви 10.500 бода;

в) негеографски броеви од серијата 05
- поединечен број 170 бода,
- блок од 10 броеви 1.530 бода;

г) негеографски броеви од серијата 08
- поединечен број 40 бода,
- блок од 10 броеви 250 бода;

д) број на носител (10ab) 1.000 бода.

Член 4

Бројот на бодовите според должината на доделените броеви се утврдува за:

а) скратен број во географски нумерациски подрачја со 7-цифрени претплатнички броеви
- 5-цифрен број (со почетни цифри 15) 200 бода,

б) скратен број во географско нумерациско подрачје, односно во негеографско нумерациско подрачје за јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги со 6-цифрени претплатнички броеви
- 4-цифрен број (со почетни цифри 15) 150 бода.

Член 5

Бројот на бодовите според намената на серијата на броеви и должината на доделените броеви се утврдува за:

а) број на операторите на јавните телефонски мрежи за услуги за грижа за корисници (со почетни цифри 12, 17 и 18)
- 3-цифрен број 670 бода,
- 4-цифрен број 340 бода,
- 5-цифрен број 170 бода,
- 6-цифрен број 90 бода,
- 7-цифрен број 50 бода;

б) број за посебни услуги во рамките на мрежата на операторот на јавна телефонска мрежа
- серија со почетни цифри 14 15.750 бода;

в) скратен број на оператор на јавна телефонска мрежа
- 3-цифрен број (со почетни цифри 13) 670 бода;

г) национален скратен број за услуги хармонизирани на европско ниво
- број 112 бесплатно,
- број од серијата 116(xyz) бесплатно,
- број од серијата 118(x) 500 бода;

ѓ) национален скратен број за услуги од национално општествено значење
- број 19(x) бесплатно;

е) кодови за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзани со електронски комуникациски услуги
- код за идентификација бесплатно;

ж) кодови за идентификација на ДМИУ мрежи за идентификација на мрежи каде давателот е одговорен за управување на затворени кориснички групи
- код за идентификација бесплатно;

з) кодови на мобилни мрежи за идентификација на мобилни терминали и мобилни корисници
- код за идентификација бесплатно;

ѕ) кодови на меѓународни сигнализациски точки
- код бесплатно;

и) кодови на меѓународни сигнализациски точки
- код бесплатно.

Член 6

Бројот на бодовите за резервираните броеви и серии на броеви од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија се утврдува така што бројот на бодовите утврдени со овој правилник за соодветните броеви и серии на броеви се намалува за 50%.

Член 7

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на методот за пресметување на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/2008).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата.

Бр.11-40/8 Агенција за електронски комуникации
29 декември 2009 година Комисија
Скопје Претседател,
**Софче Јовановска**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010012